

НАСТАВНИК: ЛЕОНИД КРСТЕВСКИ

КРЕИРАМЕ СО ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

8 ОДДЕЛЕНИЕ

СОВРЕМЕНА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА







КРАТКО ПОТСЕТУВАЊЕ

1. Prompt е барање или инструкција што ја задаваме на ВИ.

2. Генеративната ВИ може да создава текст, слики, звук, видео и програмски код.

ОПШТА	**|**	**ГЕНЕРАТИВНА**
АНАЛИЗИРА	**↔**	**СОЗДАВА**

ВИ Е АЛАТКА, ИДЕЈАТА Е НАША

Не треба само: Prompt → Copy → Готово ✗

Туку:



НОВА ВАЖНА РЕЧЕНИЦА

При работа со ВИ, корисникот го избира, проверува и подобрува создадениот резултат.

ШТО Е ОРИГИНАЛЕН ПРОДУКТ?

Оригинален продукт е нешто што го создаваме со **наша идеја** и **наши одлуки**, дури и кога користиме ВИ како помош.

Затоа, не треба само да го земме резултатот од ВИ.



Ние треба да додадеме нешто свое:

1. 

НАША ИДЕЈА

што сакаме да создадеме

2. 

НАШИ ИНСТРУКЦИИ

како сакаме да изгледа

3. 

НАШИ ИЗБОРИ

што ќе задржиме или промениме

4. 

НАША ПРОВЕРКА

дали резултатот е точен и добар

5. 

НАШИ ПОДОБРУВАЊА

што ќе поправиме или додадеме

ВИ ни помага, но конечниот продукт го создава и обликува корисникот.



ДЕНЕШЕН ПРЕДИЗВИК

Твојата креативност може да направи голема разлика!

СОЗДАДИ ПОСТЕР СО ПОМОШ НА ВИ

Тема:

„БЕЗБЕДНО И ОДГОВОРНО КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНОЛОГИЈАТА“

Постерот треба да содржи:

- наслов
- кратка порака
- најмалку 3 совети
- соодветна слика/илустрација
- уреден и читлив дизајн



Користи ја технологијата одговорно!

СОЗДАДИ ИНСТРУКЦИЈА

Кога бараме нешто од ВИ, важно е да дадеме јасна и точна задача.

Не користиме само:

„Направи постер.“



Туку даваме јасна задача.

Пример:

„Предложи содржина за краток училишен постер за безбедно и одговорно користење на технологијата, наменет за ученици од VIII одделение. Постерот нека има краток наслов и 3 едноставни совети.“





ВАЖНО

Не мора да го прифатиме првиот резултат.

ЧЕКОР 3: ПРОВЕРИ

Пред да употребиш нешто создадено со ВИ, прашај се:

1. Дали информациите се точни?
2. Дали текстот е разбирлив?
3. Дали одговара на темата?
4. Дали има нешто непотребно?
5. Дали јас би го напишал поинаку?



Исправи го она што не ти се допаѓа.

ЧЕКОР 4: ПОДОБРИ ГО РЕЗУЛТАТОТ

Првиот резултат не мора да биде конечен. Можеш да побараш:

- „Скрати го текстот.“
- „Направи го насловот појасен.“
- „Дај ми друга идеја.“
- „Направи ги советите разбирливи за ученици.“

Или...

сам промени го резултатот!



ВАЖНО

ВИ помага во процесот, но ученикот го обликува конечниот продукт.

ПРЕД ДА КАЖЕШ „ГОТОВО“ ✓

Провери:

- ☐ Имам јасен наслов.
- ☐ Имам најмалку 3 корисни совети.
- ☐ Текстот е краток и читлив.
- ☐ Сликата одговара на темата.
- ☐ Ги проверив информациите.
- ☐ Јас направив сопствени промени.
- ☐ Не внесов приватни податоци.

Ако сите се ✓ → спремни сме!



ПРЕЗЕНТИРАЈ ГО ПРОДУКТОТ

Одговори на следните прашања:

1 **Што создадов?**



Опиши го твојот постер / производ.

2 **Како ми помогна ВИ?**



Кои идеи или насоки ти беа најкорисни?

3 **Што променив јас?**



Што додадов, поправив или подобрив?

4 **Зошто го избрав овој дизајн/порака?**



Што сакам да постигнам со него?

Сподели го твојот резултат со класата!



ШТО НАУЧИВМЕ?

1. Оригинален продукт е дело создадено врз основа на **сопствена идеја и сопствени избори**, со или без помош на дигитални алатки.

2. При работа со ВИ, корисникот треба да го **провери и подобри** созданиот резултат.



3. ВИ може да ни помогне при создавање продукт, но **конечните избори ги прави корисникот.**



ЗНАЕЊЕ + ПРОВЕРКА + СОПСТВЕНИ ИЗБОРИ = ОДЛИЧЕН РЕЗУЛТАТ!

ЗА ДОМА

Избери ЕДНО:

- благодарница
- визит-карта
- бец
- постер
- мини-презентација од 3 слајда

Тема:

„Технологијата во иднината“

Запиши го и prompt-от што си го користел.

Промпт:
...

Следниот час ученикот треба да може накратко да објасни:

Што направив јас, а како ми помогна ВИ?